СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА НА
Република Северна Македонија
KËSHILLI PËR AVANSIM DHE MBIKËQYRJE TË REVIZIONIT NË
Republikën e Maqedonisë së Veriut
Бр.-Nr. 03-28/2
14.02 2025 год.-vj.

# Совет за унапредување и надзор на ревизијата

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-28/1 од 20.01.2025 година, Претседателот на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### за пристап до информации од јавен карактер

1. Се уважува Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од бр. 03-28/1 од 20.01.2025 година. Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија ги доставува бараните информации од јавен карактер.
2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

### Образложение

Барателот поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер до Советот за унапредување и надзор на ревизијата на РСМ, заведено под број 03-28/1 од 20.01.2025 година, со кое бара:

„Колкава е нето плата на претседател на Советот (без додатоци за стан и други додатоци)?"
„Дали претседателот располага со службено возило?"
„До кога трае мандатот на претседателот на СУНР?"

Претседателот на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија согласно член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, одлучи како во диспозитивот на ова Решение и бараните информации се доставуваат до Барателот во прилог на ова Решение.

*Упатство за правно средство: Против ова решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.*

Службено лице за посредување
на информации од јавен карактер
Жарко Камчев

**Претседател на Советот,**
**Александар Наумоски**

**Прилог кон Решението:**

1. Коефициентот за пресметување на плата е утврден согласно Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 65/2024 и 163/2024). Нето платата на Претседателот на Советот изнесува 89,869.00 денари.
2. Претседателот на Советот **не** располага со службено возило.
3. Мандатот на Претседателот на Советот е пропишан во Законот за ревизија во член 9 став 5. Решение за именување на Претседател на Советот објавено во Службен Весни на РСМ бр.117/2022.

**Претседател на Советот,**
**Александар Наумоски**

Службено лице за посредување
на информации од јавен карактер
**Жарко Камчев**